Здружение на граѓани
Институт за човекови права
Бр. 0506-27/2
14.07.2023, Скопје

За потребите на проектот „Иницијатива за административна социјална правда" (финансиран од ЕУ во рамки на ИПА III EIDHR – EU-NDICI-THE-NEAR), врз основа на договор за грант меѓу ЕУ и Институтот за човекови права 2024/461-234 од 26.11.2024 година, проектниот тим на Институтот за човекови права испраќа:

ПРОЕКТНА ЗАДАЧА 7/2025

за набавка на услуги за дизајн на публикации

I. НАСЛОВ НА ПРОЕКТ

„Иницијатива за административна социјална правда"

II. ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ЗАДАЧАТА

Почеток: август 2025
Крај: декември 2026

III. ПОЗАДИНА

Општата цел на проектот „Иницијатива за административна социјална правда" е да се подобри пристапот до социјалната правда во административни процедури, особено за најмаргинализираните граѓани. Специфичните цели на проектот се:

1. Да се поддржи собирањето податоци засновано на докази за да се овозможат подобри политики кои ги штитат социјалните права во управните постапки;
2. Да се охрабрат маргинализираните заедници да ги заштитуваат своите социјални права во административните постапки;
3. Да се зголеми знаењето кај различните засегнати страни за меѓународните стандарди од областа на управните постапки за постигнување на социјална правда.
   Проектот е финансиран од ЕУ, во рамки на IPA-EIDHR-EU-NDICI-THE-NEAR /2024/461-234 програмата за човекови права и демократија и се спроведува од јануари 2025 година до декември 2026 година.

Институтот за човекови права (ИЧП) е главниот спроведувач на проектот и е здружение на граѓани лоцирано во Скопје, основано во 2009г. со цел промовирање, унапредување и заштитата на човековите права и слободи преку континуирана едукација на професионалната јавност и анализа на состојбите, организирање на стручни дискусии во рамките на правната професија и дискусии за општата јавност со цел зајакнување на капацитетите и механизмите за промовирање, гарантирање и заштита на човековите слободи и права. ИЧП ги остварува своите активности во соработка со државни органи и институции, граѓански организации од земјата како и регионални и меѓународни институции и организации од областа на заштитата на човековите права.

IV. ЦЕЛ НА ЗАДАЧАТА

Генералната цел на задачата е дизајн на публикации кои претставуваат дел од проектните активности, со цел промоција на резултатите и зголемување на видливоста на проектот.

Конкретната цел на задачата е дизајн на четири публикации и тоа:

Продукт	**Големина**	**Јазични верзии**
1. Дизајн на анализа за административна социјална правда	1 ворд-документ од максимум 30 – 40 стрници	Оригинална верзија: македонски јазик Други јазични верзии: албански и/или англиски јазик
2. Дизајн на извештај од одржани состаноци на Национално координативно тело за административна социјална права;	1 ворд-документ од максимум 15 стрници	Оригинална верзија: македонски јазик Други јазични верзии: албански јазик
3. Дизајн на едукативни материјали	1 ворд-документ од максимум 40 стрници	Оригинална верзија: македонски јазик Други јазични верзии: албански јазик
4. Дизајн на модули за спроведување на обуки	1 ворд-документ од максимум 40 стрници	Оригинална верзија: македонски јазик Други јазични верзии: албански јазик

Задачата вклучува дизајн на корицата и на внатрешните страници на публикациите, кои ќе му бидат доставени на дизајнерот во ворд-документ. Овие публикации ќе бидат преведени и на други јазици (албански и/или англиски јазик). Дизајнот на различните јазични верзии ќе биде ист како оригиналната македонска верзија.

Дизајнерот ќе треба да ја достави дизајнираната верзија до ИЧП на проверка. Доколку проектниот тим смета дека е потребно да се направат некои измени, дизајнерот ќе изврши корекции на дизајнот, во согласност со насоките дадени од ИЧП.

Работата ќе се смета за финална само откако ќе биде одобрена од ИЧП.

Задачи и обврски:
Во координација со проектниот координатор и тимот на ИЧП, добавувачот ќе ги изврши следните задачи:

1. Дизајн на четири публикации:
   - Дизајн на корицата и на внатрешните страници;
2. Корекции/измени на дизајнот, согласно забелешките од проектниот тим;
3. Подготовка на албанска и/или англиска верзија на публикацијата користејќи го истиот дизајн.

Забелешка: При извршувањето на оваа задача, се очекува од добавувачот:

- Да примени највисок стандард на работа и навремено да ги доставува резултати во секоја фаза на извршувањето на задачата.
- Да обезбеди јасност на целите и процесот за време на консултациите со проектниот тим.

V. ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ

Од ангажираниот добавувач се очекува да ги испорачаат следниве резултати:

1. Дизајн на македонска, албанска и/или англиска верзија на анализата за административна социјална правда;
2. Дизајн на македонска и албанска верзија на извештајот од одржани состаноци на Национално координативно тело за административна социјална права;
3. Дизајн на македонска и албанска верзија на едукативните материјали и
4. Дизајн на македонска и албанска верзија модулите за спроведување на обуки.

Начин на плаќање

Плаќањето ќе биде извршено по реализација на секоја поединечна услуга и доставување на бараниот материјал, најдоцна во рок од 30 дена.

VI. ЛОГИСТИКА

За спроведување на активностите од страна на проектниот тим на ИЧП ќе биде обезбедена следнава поддршка:

- ИЧП проектен кооридинатор – достапен во текот на целиот проект;
- Во функција на успешно извршување на задачата, на добавувачот ќе му биде испратен материјал во ворд-документ за сите горенаведнеи публикации како и сета потребната документација со која располага ИЧП.

Добавувачот ќе работи во координација и под директен надзор на проектниот координатор и, по потреба, со поддршка од проектниот тим. Тој ќе биде во редовна комуникација со проектниот кооридинатор преку е-маил.

VII. ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ЗАДАЧАТА

Услугата треба да се испорача во период од **август 2025 до декември 2026 година**.

Проектниот тим на Институтот за човекови права во согласност со предвидената временска рамка ќе се договори со вршителот на услугите за точниот датум во зависност од претходно реализираните активности кои се во рамките на овој проект и во зависност од обезбедувањето на сите потребни услови.

VIII. МЕСТО НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ЗАДАЧАТА

Местото на извршување на задачата ќе биде одредено од страна на вршителот на услугата. Службени патувања не се предвидени согласно проектните активности.

IX. ВЕШТИНИ

- Графички дизајн;
- Добра организација на времето и исполнување на поставените рокови.

X. КВАЛИФИКАЦИИ НА ДОБАВУВАЧОТ

Искуство

- Минимум 3 години искуство со графички дизајн;
- Дизајн на публикации кои се релевантни за проектните активности на ИЧП.

XI. КРИТЕРИУМИ ЗА ИЗБОР НА НАЈПОВОЛНА ПОНУДА

Изборот на добавувачот ќе се изврши по пат на евалуација на квалитативната и на финансиската понуда. Договор ќе се склучи со понудувачот чија понуда:
а) Е соодветна и прифатлива и
б) Ќе освои најголем број на поени согласно следниве критериуми:

- Квалитативни критериуми: 40%
- Финансиска понуда: 60%

За **финансиската евалуација** ќе се земат предвид само кандидатите кои ќе добијат минимум 28 поени во квалитативната евалуација.

За одредување на бодовите на финансиската понуда ќе се користи следнава формула:
број на бодови = (најниска понудена цена x максимален број на бодови) / цена на понудата

Квалитативна евалуација:

Критериуми	**Максимум поени 40**
Минимум 3 години искуство во графички дизајн. 3 години = 20 поени 3-5 години = 23 поени Повеќе од 5 години = 26 поени	26
Дизајн на релевантни публикации до 5 публикации = 8 поени 5-10 публикации = 11 поени Повеќе од 10 публикации = 14 поени	14

XII. ДОКУМЕНТИ КОИ ТРЕБА ДА СЕ ПОДНЕСАТ

Ве молиме да ни доставите Ваша понуда за горенаведената задача. Понудата треба да содржи квалитативна и финансиска понуда.

Квалитативниот дел на понудата треба да се состои од:

За правни лица:

- Тековна состојба од Централен регистар на РСМ и портфолио со претходни слични ангажмани, со фокус на потребната квалификација и искуство.

За физички лица:

- Биографија и портфолио со претходни слични ангажмани, со фокус на потребната квалификација и искуство.

Финансискиот дел од понудата треба да биде во следниот формат:

За правни лица:

Ставка	Опис на производ/услуга	Количина	Единечна цена без ДДВ (МКД)
1.	Анализа за административна социјална правда	1	
2.	Извештај од одржани состаноци на Национално координативно тело за административна социјална права	1	
3.	Едукативни материјали	1	
4.	Модули за спроведување на обуки	1	
ВКУПНО			

За физички лица:

Ставка	Опис на производ/услуга	Количина	Единечна цена во бруто износ (МКД)
1.	Анализа за административна социјална правда	1	
2.	Извештај од одржани состаноци на Национално координативно тело за административна социјална права	1	
3.	Едукативни материјали	1	
4.	Модули за спроведување на обуки	1	
ВКУПНО			

НАПОМЕНА: Единечната цена за секоја публикација треба да го вклучува дизајнот на оригиналната верзија на македонски јазик и на преведените верзии (максимум до две верзии на друг јазик).